| 29. | 08-2251/2 03.08.2010 | Средства за помош за лекување | Душка Киркиновски | 10.000,00 |
| 30. | 07-1634/3 08.06.2010 | Средства за изградба на живеалиште за говеда за Зоолошка градина | Зоолошка градина-Скопје | 766.044,00 |
| 31. | 08-2607/1 10.09.2010 | Средства помош за три новородени деца | Горан Велковски | 30.000,00 |
| 32. | 08-2644/2 21.09.2010 | Средства-финансиска помош за издавање на монографија | Полио плус | 10.000,00 |
| 33. | 08-2649/2 21.09.2010 | Средства доделување на финансиска помош за борба против ракот на дојката | Здружение Борка | 10.000,00 |
| 34. | 08-2914/2 13.10.2010 | Средства за опожарена куќа | Зоран Петковски | 30.000,00 |
| 35. | 08-3212/2 11.11.2010 | Средства помош за изготвување на Зборник на политички затвореници | Здружение на граѓани политички прогонувани | 10.000,00 |
| 36. | 08-3212/2 11.11.2010 | Средства за помош за лекување | Блажевски Јовица | 10.000,00 |
| 37. | 08-3418/2 25.11.2010 | Средства за иницијатива за збратимување на Општина Драгош - Косово | Исмаил Бојда | 6.500,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38. | 08-3444/2<br>01.12.2010 | Средства за социјално загрозено семејство | Лилјана Смилевска | 6.000,00 |
| 39. | 08-3535/2<br>01.12.2010 | Средства за реализација на албум за македонски евергрин песни | Миодраг Станојковиќ | 5.000,00 |
| 40. | 08-3641/2<br>15.12.2010 | Средства за финансиска помош за изготвување на монографија | Тала Лимановска | 15.000,00 |
| 41. | 03-3764/2<br>21.12.2010 | Средства за опожарена куќа | Иванка Спасовска | 6.000,00 |
| 42. | 08-3742/2<br>21.12.2010 | Средства за помош за лекување на дете | Весна Анастасовска | 6.000,00 |
| 43. | 08-3644/2<br>23.12.2010 | Средства за две новородени деца | Маја Арсовска Бакевска | 20.000,00 |
| 44. | 08-3733/2<br>23.12.2010 | Средства за помош за опожарена куќа | Миле Михајловски | 10.000,00 |
| 45. | 08-3745/2<br>23.12.2010 | Средства за помош за активности на херои на Македонија | Здружение на херои за Македонија | 10.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | | --------------------<br>**1.279.544** |

**Број 07-477/11**
**од 11.03.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и шестата Седница на Советот, одржана на ден 11.03.2011 година.

**Број 08-646/10**
**од 11.03.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Согласно утврдените решенија во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија (Сл. весник на Р.М. бр.161/2010), Советот на Општина Ѓорче Петров на 36-тата седница одржана на 11.03. 2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2011 година**

**член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2011 година бр. 07-3832/5 од 24.12.2010 година (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр.15/2010), во член 13 став 1 се брише .

**член 2**

Во член 15 во став 1 после зборот “вработен“ се додава текст “но не повеќе од 30.000,00 денари”.

Во истиот член во став 2 после зборот “вработен“ се додава текст “но не повеќе од 15.000,00 денари”.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Ѓорче Петров", а ќе се применува од 01 Јануари 2011 година.

**Број 07-477/12**
**Од 11.03.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2010 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2010 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Триесет и шестата Седница на Советот, одржана на ден 11.03.2011 година.

**Број 08-646/11**
**од 11.03.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 36-тата Седница одржана на ден 11.03.2011 година, донесе :

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2010 година**

3. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање за 2010 година и Програмата за комунални дејности за 2010 година .

4. Заклучокот заедно со Извештајот ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-477/13**
**од 11.03.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2010 год

**Февруари 2011 год.**
**Скопје**

## ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

**Програма Ф за урбано планирање**

**Реализација на**
**Програма за урбано планирање "Ф" на Општина "Ѓорче Петров" за 2010г.**

I. **Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање**

**425.640 Изработка на урбанистички планови**

**Урбанистички планови по Програма 2005год.**

**1. ДУП за дел одУЗ Дексион-дел над пруга(станбена зона)**

**Граници на плански опфат:**

-север:граница на ГУП
-запад: меЃа на КП 3820,38,13
-југ: осовина на железница
-исток: меЃа на КП 13513,КП 3621

**Големина на плански опфат: 16,00ха**

**Фаза:** ЗаврШена јавна анкета (се прави измена на план согласно Законот) **Неопходно е да се повтори Јавната анкета)**

**Цена:**
По договор:691.200,00/платено:414.720,00ден/
Останува за доплата: **276.480,00 ден.**
Средствата се обезбедени од буџет на опШтината

**Урбанистички планови по Програма 2006год.**

**2. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 3**

**Граници на плански опфат: 18.0 ха**
**Фаза:** Подготвени тендери за објавување на програмата за 2011г.

**3. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 4**

**Граници на плански опфат: 13.4ха**
**Фаза:** Подготвени тендери за објавување во програмата за 2011г.

**4. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 5**

**Големина на плански опфат: 13.9ха**

**Фаза:** Не се објавени тендери поради недостаток на средства

**5. ДУП за дел од западна индустриска зона, Шарпланинска - Б2**

**Големина на плански опфат: 14.0ха**

**Фаза:** Предлог план **- доставено за донесување на Совет.**

**Цена:**
По договор: 457.191,00ден./Платено**:** 457.191,00ден
Останува за исплата: **00**
Финансиите се обезбедени од буџет на општина.

**6. ДУП за дел од западна индустриска зона, Шарпланинска - Б3**

**Големина на плански опфат: 13.5ха**

**Фаза:** Нацрт - доставен на Совет за утврдување во 2011г.
**Поднесена е Иницијатива за финансирање на планот од ГП БЕТОН.**

**Цена:**
По договор: **245.735,00.** Платено: **147.441,00ден.**
Останува за исплата: **98.294,00ден**
Финансиите се обезбедени од барателот на иницијативата.

**7. Урбанистички план за село Волково**

**Граници на плански опфат: по графички прилог**

**Големина на плански опфат: 320,00 ха**
**Фаза:** Подготвен тендер за објавување со програмата за 2011г.

**Урбанистички планови по Програма 2007 год.**

**8. ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ-1**

**Големина на плански опфат:**

**Фаза:(стопиран МО)**

**9. УП за село Кучково**

**Фаза:** Не е започнат поради недостаток на средства

**Урбанистички планови по Програма 2008 год.**

**10. ДУП за УЗ Дексион:**

**Големина на плански опфат**: 24,0 ха

**Фаза:** Нацрт - ќе се достави за утврдување на Совет во Април 2011г

**Цена:**
По договор: **734.842,00ден.** Платено: **0.00 ден.**
Останува за исплата: **734.842,00ден**
Финансиите се обезбедени од буџет на општина.

**Урбанистички планови по Програма 2009**

**11. ДУП за дел од западна индустриска зона ЈУГ 4**

**Големина на плански опфат: 8.0ха**

**Фаза:** Не се објавени тендери поради недостаток на средства

**12. Измена и дополна на УП за село Орман со разработка на блокови**

**Иницијатива поднесена од физичко лице**
**Фаза:** Нацрт-не е доставен планот

**Цена:**
По Договор: **344.997,00ден.** Платено: **00 ден.**
Останува за исплата: **344.997,00 ден.**
Финансиите се обезбедени од барателот на иницијативата.

**13. УП за село Волково со разработка на блокови**

**Фаза:** Подготвен тендер за објавување со програмата за 2011г.

**14. ДУП УЗ Мирче Ацев - УБ9 (дел)**

**Големина на плански опфат: 1,8ха**
**Фаза:** Предлог- доставен за донесување на Совет 2011г.
**Цена:**
По Договор:**105.020,00ден**. Платено: **105.020,00ден.**
Останува за исплата:**00ден.**

**15. ДУП нас. ХРОМ - УБ24**

**Големина на плански опфат: 1,0ха**
**Фаза:** Предлог- доставен за донесување на Совет 2011г.
**Цена:**
По Договор: **58.410,00ден.** Платено: **0,00ден**
Финансиите се обезбедени од барателот на иницијативата.

**16. ДУП нас. ХРОМ -Б6**

**Големина на плански опфат: 1,5ха**
**Фаза:** направена инвентаризација
**Цена:**
По Договор: **88.500,00 ден.** Платено: **0,00ден.**
Финансиите се обезбедени од барателот на иницијативата.
**Планот е стопиран(поради дивоградби)**

**17. ДУП за УЗ Мирче Ацев- блок13**

**Големина на опфатот 1,5ха**
**фаза : тендер**
**цена: по тендерската постапка**

**Локални урбанистички документации (ЛУПД)**

**- Одобрени ЛУПД - 19**
**- Пред одобрување - 4**
**- Утврдена потреба за изработка на ЛУПД - 4**
**- доставени барања за изработка на ЛУПД, (во постапка за реШавање) - 4**

(финансирано од физички и правни лица)

**II. Под програма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиште и уредување на просторот во руралното подрачје**

1. **Под програма Ф.А. и Ф.Д.** за уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки.

**482.110 Подготвување на проекти вклучувајќи дизајни на улици, пешачки патеки плоштади и други јавни површини**

1.1 **Изработен е основен проект за ул.„Андреј Зограф„ и ул.„Мајски Манифест„.** Средствата во висина од **354.000,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

1.2 Изработен е елаборат за заштита на животната средина за локалниот пат до клучка Стопански Двор (согласно важечките стандарди и законски регулативи). Средствата во висина од **108.560,00ден,** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**481.210 Подготвување на проекти за деловни објекти**

**Изработен е основен проект за изградба и реконструкција на објект за детска градинка во О.У ,,Беровски,,.**
Средствата во висина од **149.860,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**482.120 Изградба на улици , пешачки патеки, плоштади и други јавни површини**

**1. Изградба на улици**

**1.1 Завршена е изградбата на кракот на ,,Новопроектирана улица,, со паркинг простор (позади Поликлиника).**
Со проектот опфатено е изведување на атмосферска канализација, осветлување на улицата и паркингот со канделабри и коловозната конструкција на улицата и паркингот.

Средствата во висина од **5.565.976,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**1.2** За градбата на улицата, согласно законската регулатива избрана е фирма за вршење на стручен надзор на градбата. Изборот е извршен согласно законот за јавни набавки.
Средствата во висина од **194.700,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**1.3 ,,Новопроектираната,, Улица.1 ( спој на бул. ,,Партизански Одреди,, и ул. ,,Ѓорче Петров,,) завршена е тендерска постапка и избрана е фирма за изведување.**
Средствата во висина од **6.157.875,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, додека со реализација се планира да отпочне во месец Март 2011г.

1.4 За градбата на улицата, согласно законската регулатива избрана е фирма за вршење на стручен надзор на градбата. Изборот е извршен согласно законот за јавни набавки.

Средствата во висина од **200.000,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**1.5 Ул.,,Мајски Манифест,, ИИИ крак, од ул.,,Ѓуро Салај,, до спој со ул. ,,Алекса Димниевски,, е во фаза на градба.**

Планираните средствата за градба во висина од **1.600.000,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров. Со реализација на градбата е почнато во месец Декември, додека завршувањето се планира во месец Април 2011год.

**1.6 Завршена е реконструкцијата на асфалтната површина на ул. „Волковска„ почнувајќи од преминот на железничката пруга во Ново Село до сред село во Волково, со крпење на ударните дупки и нанесување на нов асфалтен слој, во вкупна должина од 1.700,00м.**
Средствата се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

**1.7 Одпочнато е со градба на бул. Македонска Војска И фаза ИИ делница,** почнувaќи од ул. Ѓорче Петров па се до спортскиот комплекс покрај р. Вардар. Средствата за изградба ги обезбедува Градот Скопје.

**1.8 Одпочнато е со градба и уредување на раскрсницата на ул. Ѓорче Петров и ул.Воин Драшковци со изградба на кружен ток на сообраќајот.** Средствата за изградба ги обезбедува Градот Скопје.

**2. Изградба на пешачка патеки, тротоари и паркинзи.**

**2.1 Изградени се повеќе пешачки патеки** на локации во Општина Ѓорче Петров и тоа:
Пешачки патеки од тротоарот на бул.,,Македонска Војска,, до станбените згради пред полиција, со павер елементи со широчина од 1,5-2,0м со вкупна површина од 226 м$^2$,

**2.2** Изградена е пешачка патека во М.З. Хром, од станбените згради до ул.,,Циборовски,, со павер елементи со широчина од 1,5-2,0м со вкупна површина од 53 м$^2$, Средствата во висина од 864.540ден.(за 1 и 2,) се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**2.3 Завршена е реконструкцијата на тротоарот на ул.„Волковска„ (десна стана), со замена на оштетени павер плочки и нивелирање на постојните, во вкупна должина од 1.700,0м.**
Средствата во висина од **298.895,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**ЈА. Подпрограма спорт и рекреација**

**482.920 Изградба и одржување на објекти за спорт и рекреација**

**1. Спортски терени- рекреација**

**1.1 Нови спортски терени**

**Во О.У„Мирче Ацев„ изградени се две(2)тениски игралишта.** Средства за изградба се обезбедени со донација од Буџетот на Р.М пруку Агенцијата за млади и спорт.

**1.2 Реконструкција на постоечки спортски терени**

**Извршена е реконструкција на спортски терени** со поправка на жичани огради во висина од 4.0 и 6,0м, и извршена е поправка на спортски реквизити во:

1.1,1 **О.У. ,,Мирче Ацев,,**
1.1.2 **О.У. ,,Страшо Пинџур,,**
1.1.3 **О.У. ,,Тихомир Милошевски,,**
1.1.4 **О.У ,,Јоаким Крчовски,, - М.З Никиштане**
1.1.5 **У.З ,,Хром,,**

Средствата во висина од **735.500,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## 2. Детски игралишта

**Завршена е изградбата на 3 (три) детски игралишта на** локации во:

- М.З Волково - Пржина, обработени со патеки од павер елементи во површина од 138м2. Игралиштето е комплетно уредено и опремено со потребните реквизити, како лулашки, клацкалици,качувалки и друго.

- с. Ново Село (во кругот на МЗ), со вкупна површина на павер елементи од 130м2. Игралиштето е комплетно уредено и опремено со потребните реквизити, како лулашки, клацкалици, качувалки и др.

- с. Волково ( на просторот према Терна) изградено е детско игралиште, обработено со патеки од павер елементи од 162 м2. Игралиштето е комплетно уредено и опремено со потребните реквизити, како лулашки, клацкалици, качувалки и др.

Средствата комплет се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2010 год. За изградбата на детските игралишта и одржувањето на објектите за спорт и рекреација се потрошени 1.378.174,00ден, кои средства се обезбедени од буџетот на Општината.

## 3. Основни училишта

**3.1** Извршена е реконструкција на санитарен јазол во О.У,,Страшо Пинџур,,при што комплет е реновирана фекалната канализација, поставени се нови санитарни елементи и нови подни плочки. Средствата во висина од **171.491,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**3.2** Во ОУ ,,Мирче Ацев,, извршено е реновирање на просторија наменета за лабораторија на 21 век за техничко образование, за која преку УСАИД е обезбедена потребната опрема. Средствата за реновирање во висина од **29.070,00ден** се обезбедени од Буџетот на Општината.

**3.3** Во другите О.У.извршени се најнеопходните интервенции за непречено одвивање на наставата.

**ДО. Градоначалник**

**413.110 Тековна буџетска резерва**

1. **Изградба на живеалиште за говеда,биволи и јак во ЗОО Градина**

Општината Ѓорче Петров како помош во уредување и модернизација на ЗОО Градина го изгради и уреди живеалиштето за говеда, биволи и јак. Средствата во висина од **730.000,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**1.1** За градбата на објектот, согласно Законската регулатива избрана е фирма за вршење на стручен надзор на градбата. Изборот е извршен согласно Законот за јавни набавки.
Средствата во висина од **35.400,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

2. **Изградба на јарболи со знамиња**

Изработени се бетонски стопи и монтирани се јарболи со знамето на РМ во сите Основни Училишта и Детски градинки- вкупно 10. Средствата во висина од **327.037,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**ЈУ. Изградба на системи за одводнување и пречистување на одпадни води**

**482.310 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализација.**

1. **Направени се повеќе проекти** со кофинансирање на Град Скопје и Општина кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**482.320 Изградба на фекална и атмосферска канализација.**

**А) Фекална канализација**

1. **Завршна е изградбата на примарна и секундарна канализациона мрежа** с. Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука , инвестирана со средства од Буџетот на Р. Макодонија преку Министерството за транспорт и врски во висина од **10.251.708,00ден.** при што се изградени уште 4.047м од канализационата мрежа.

**1.1 Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа,** согласно Законот за градба, го врши Евро Консалтинг (фирма избрана на тендер согласно Законот за јавни набавки).

Средствата за техничкиот надзор се обезбедени од буџетот на Општината.

**ЈГО. Изградба на системи за водоснабдување**

**482.710 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа**

1. Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Град Скопје и Општината кои се произлезени од Законските обврски  по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**482.720 Изградба на водоводна мрежа**

1. **Завршна е изградбата на системот за водоснабдување на с.Кучково со изградба на бунар,пумпна станица и потисен цевковод до резервоарот и реконструирано е дел од примарната мрежа  во должина од 980м.** Средствата во висина од **3.000.000,00ден** се обезбедени од буџетот на Град Скопје.

   1.1 **Надзорот над градбата на водововодниот систем,** согласно Законот за градба, го вршеше ГИ Македонја (фирма избрана на тендер  согласно Законот за јавни набавки). Средствата за техничкиот надзор се обезбедени од буџетот на Општината во висина од **118.800,00ден.**

**ЈА. Изградба на Јавно осветлување**

**482.810 Подготвување на проекти на капацитети од енергетика (НН електрична мрежа и топлификациона мрежа)**

- Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Градот Скопје и Општината кои се произлезени од Законски обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**482.820 Изградба на објекти од  енергетика ниско - напонска електрична и топлификациона мрежа**

1. Направени се повеќе приклучоци на објекти со кофинансирање на Градот Скопје и Општината кои произлегуваат од Законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**1.1** Завршена е изградбата на уличното осветлување на станбено деловниот комплекс Јурија. Потребните средства се заеднички обезбедени од буџетите на Град Скопје и Општина Ѓорче Петрв во однос 60%( Град Скпје) и 40% (Општина Ѓорче Петров), при што Општината го има исплатено својот дел во висина од 547.189,00ден.

**2.** Направена е електрична инсталација за потребите на тениските игралишта во О.У ,,Мирче Ацев,,,фудбалското игралиште во Волково и осветлување на бината во с. Кучково- Крстот. Средствата во висина од **352.893,00ден** се обезбедени  од буџетот на Општината

**482.930 Реконструкција на објекти од енергетика (ниско напонска и топлификациона мрежа)**

1. На магистралните и собирните улици Градот врши замена на светилките, бидејќи одржувањето на овие улици е во надлежност на Градот.

2. На локалните улици во надлежност на Општината, одржувањето на уличното осветлување е вршено перманентно, исто така извршено е поставување нови линии за улично осветлување, во урбаниот и руралниот дел на Општинава.

**Променети се :**

1. Светилки(125њ,250њ и други)........................................... 2013
2. Пригушници ............................................... 1207
3. Заштитни тегли (топки) ............................................... 1372
4. Сенила ............................................... 1278
5. Кабел(скс,пгп,ппоо идруги) ............................................ 5798
6. Фасонки ............................................... 1434
7. Осигурачи(ножасти,автоматски и др).............................. 526
8. Рефлектори( мх 400њ,250њ) ............................................... 14
9. Арматури Вандерми и Флуоросцентни арматури ....................................... 603
10. Ел. склопка (40А,63А,125А) ....................................... 19
11. Затегачи ............................................... 351
12. Обрачи ............................................... 139
13. Понцинкована лента 2Н30х4............................................... 176
14. Металхалогени ампули 400њ............................................. 116
15. Метални столбови- Канделабри ........................................... 10
16. Друг поситен материјал како стеги, ал-ку клеми, жица, обични сијалици, прекинувачи и друго, евидентирано во градежните дневници и книги.

Одделението **за тековно одржување и инвестиции** ги разрешува проблемите и потребите на граѓаните во врска со уличното и јавното осветлување во Оптштината.

Одделението интервенира на **пријава од граѓани** ( телефонски или усмено), регистрирани во **пријавна листа за интервенции**, секојдневно (прилог фотокопии) и **писмени барања од група граѓани**, доставени преку архива (службено).

По пријавната листа се врши **замена на неисправни електроелементи** (светилки, пригушници, фасонки и.т.н.), а по барањата, но по предходно извршена анализа за потребните финансиски средства, се **поставуваат нови линии** за улично осветлување, согласно барањето.

За извршените работи Одделението води обемна документација (градежни дневници, градежни книги, ф-ри и.т.н.). Во градежните дневници внесени се податоци **за секој ден**, кога, на кои локации (улици) и какви електроматеријали се потрошени. **Комисијата за комунални работи**, може да добие информации и да изврши увид за поедини работи и периодично.

Нови линии, или продолжување на линии за улично осветлување, поставени се на:

- паркингот за новата зграда до поликлиника (8 канделабри);
- зградите на ул. ІМечкин Каменв (3 канделабри);
- крак од ул. І22в с. Волково (4 вандерми);
- споредна уличка од главната пред нас. ІЈуријав (3 вандерми);
- ул. І39в с. Волково (6 вандерми);
- ул. І47в с. Волково (4 вандерми);
- ул. І1в Јурија (3 вандерми) и
- интервенции на поедини линии поради прекини на жиците, замена на цели арматури, вандерми,затегачи, обрачи, дрвени столбови(бандери) Ал-ку клеми и.т.н.

Одделението интервенира и се грижи за осветлување на објектите за кои е надлежна Општината како: спортски игралишта и сали, детски игралишта, дворовите на градинките и училиштата, другите објекти на Општината, (У.З., М.З. и.т.н.) и паркот.

Во извештајот, збирно дадени се потрошените електроелементи и др. опрема за извршените работи.
Средствата во висина од 4.444.866,00 ден., се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**Ј3. Јавно осветлување- поправка и тековно одржување**

**424.390 одржување на други градби**

Извршенно е новогодишно украсување на повеќе улуци и јавни површини во Општината, со поставување на светлосни украси. По завршување на новогодишните празници украсните елементи се демонтирани и складирани во магицин, каде што ќе биде извршена контрола на исправноста и ќе се изврши евентуална поправка така што дел од нив ќе бидат спремни за наредната година.
Средствата во висина од 995.153,00 ден., се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## III. ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**I. Под програма Ј.О. Одржување на урбана опрема**

**424.440 Поправка и одржување на урбана опрема**

- Реконструирани се повеќе парковски клупи и корпи за смет, заменети се 40 даски на оштетени клупи и други активности на територија на Општината.
  Средства за оваа програма се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**II. Под програма Ј.Н. Урбана опрема, (капитален расход)**

**480.190 Купување на урбана опрма**

1. Извршена е набавката и поставувањето на 174 парковски клупи и 92 корпи за отпадоци на повеќе локации во Општината.
   Средства во висина од **1.085.813,00ден.** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

Наведените клупи и корпи за одпадоци поставени се на следните локации:

| МЕСТО | КЛУПИ | КОРПИ |
|---|---|---|
| с. Волково(22)+фудбал. играл | 5 | 1 |
| Црква Ново Село | 3 | 3 |
| Центар за дијализа | 2 | / |
| Игралиште Хром | 2 | / |
| Хром населба | 10 | 4 |
| ОУ Страшо Пинџур | 8 | / |
| М.З.Даме Груев | 12 | 4 |
| Фудбалско игралиште Хром | 10 | / |
| О.У. Јоаким Крчоски | 5 | / |
| Касарна ЕБР | 5 | 8 |
| Црква Петар и Павле | 5 | 3 |
| Детско игралиште Пржина | 10 | 6 |
| Касарна Ѓорче Петров | 8 | 6 |
| Мавровски згради- Цујо | 7 | 2 |
| Спортска сала Ново Село | 5 | / |
| М.З. Ново Село | 4 | 3 |
| Црква Ново Село | 5 | / |
| Црква Волково | 9 | 5 |
| Луна парк Реонски Ѓ.Петров | 12 | 16 |
| Касарна | 15 | 8 |
| Мавровски згради | 7 | 4 |
| 4 ти Јули | 8 | 6 |
| УЗ Хром-патека | 17 | 13 |
| **ВКУПНО :** | **174 клупи** | **92корпи** |

**III и V Под програма Ј.3. и Ј.А. Јавно осветлување и изградба на нови линии за јавно осветлување**

- Прикажано во претходната програма
- Фактурите од ЕВН за потрошената електрична енергија за јавно осветлување редовно се плаќаат.

**IV Под програма Ј.4. За јавна чистота**

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини,во Општината редовно се ангажирани триесет невработени лица (социјално загрозени) кои секјдневно се ангажирани во Општината за подобрување на комуналната состојба.
2. Во тек на годината повеќекратно се направени акции со Ј.П. ,,Комунална хигиенаее за отстранување смет од дивите депонии на целата територија при што се дигнати околу 800 м$^3$ смет и депонирани во Дрисла,
3. Расчистени се депонии од градежен шут и одпаден материјал, околу 6000 м$^3$ , во вкупна вредност од **3.38006.010,00ден.**
   Средства се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.
4. Во тек на годината превземена е акција за чистење на коритото на река Лепенец кое е исчистено во должина од 5.500м. Средствата за акцијата се обезбедени од Министерството за транспорт и врски преку Дирекцијата за заштита и спасување.

**VI. Под програма Ј.6. Одржување и заштита на локални патишта и сервисни и станбени улици на територија на Општина Ѓорче Петров**

**424.320 Одржување на локални патишта и улици**

Во изминатиот период направено е пролетно и започнато е со есенско крпење на ударните дупки на улиците во Општината. При што до сега е потрошено 57тони асвалтна маса и тоа на следните улици:

1. **Собирни улици**
   1.1 ІЛепенецв;

2. **Локални улици - надлежност на општината**
   2.1 Кичевска;
   2.2 Ибе Паликуќа;
   2.3 Рафајло Батино;
   2.4 Исаија Мажовски;
   2.5 Манчу Матак;
   2.6 Александар Мартулков,
   2.7 Виа Игнација;
   2.8 Мајски Манифест;
   2.9 Шарпланинска;
   2.10 Мечкин Камен;
   2.11 Мекедонска Преродба;
   2.12 пат од с. Волково до манастирот и крстот во с. Кучково
   2. 13 пат с. Волково до с.Орман

Санирањето на ударните дупки по улиците се врши пролетно и есенско (зимско одржување).

Ударните дупки по улиците за кој е надлежен Градот, ги санира Градот, а Општинските,Одделението за тековно одржување и инвестиции.

Истите се санираат (крпат), по пријава од граѓани и од увидот на терен од вработените. Дел од санираните ударни дупки се санирани со ладна асвалтна маса добиена како донација (пробно производство) во количина од 15т, додека останатата (42 т) е извршено од избраната фирма за санирање-крпење на ударни дупки.

При интервенциите за свои потреби фирмите ІЕВНв, ІМакедонски телекомуникациив, Ј.П. ІВодовод и канализацијав и др., оштетувањата на асфалтните површини имаат обврска сами да ги санираат (вратат во предходна состојба).

Средствата во висина од **350.335,00ден** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров. За извршените работи во Одделението се води евиденција од градежни дневници, градежни книги и др.

Извршено е зимско одржување на локалните патишта и улици во 2009/2010 год. Средствата во висина од **1.690.000,00ден.** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## VII. Под програма Ј.Д. Изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни и станбени улици

1. Со оглед дека средсвтата од Агенцијата за државни патишта драстично се намалија (за околу 50%) предвидените средства се користат само за летно и зимско одржување на локалните патишта и улици и за активностите за пробивање и тампонирање на улици е прикажано во претходната програма.

## VIII. Под програма Ј.Ф. Изградба и сообраќајна сигнализација

1. Во тек на изминатиов период, двапати е вршено бележење на улиците во Општината при што е обновувана хоризонталната сигнализација на поважните сообраќајници ( ул.,,Ѓорче Петров,, ул.,,Лука Геров,, ул. ,,4- ™ Јули,, бележување на игралишта и сл.)

## IX. Под програма Ј.Г.Изградба на систем за водоснабдување

Активноста од оваа под програма се прикажани во претходната програма.

## X. Подпрограма Ј.И.изградба на систем за одводнување на отпадни води

Во текот на 2010 год очистени се одредени делови од каналите за наводнување во Стопаски Двор, и с. Ново Село. Со работа на чистењето на каналот се продлжува се до вливот во р.Лепенец, истиот е со должина од 3000м.

## XI. Под програма Ј.М.Изградба и реконструкција на парковски површини и зеленило

1. Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училиштата и градинката, одржување еколошки часови.

2. Поддржана е акцијата на Владата на Р.Македонија за пошумување на голините, со масовно учество на населението. Во Општината се посадени нови садници во Реонскиот парк, во сите училишта, детските градинки и обновени дрвореди на дел од улиците.

**Ј8. Други комунални услуги**

**424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се 1451 шахта на целата територија на Општината. Средствата во висина од **136.408,00ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## XII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Во одделението за спроведување на урбанистички планови во 2010 година примени се 2037 предмети, плус 37 предмети нерешени од предходната година, или вкупно 2074 предмети за решавање. Од вкупниот број на предмети за решавање решени се 2052 и тоа со следната структура:

| Ред .Бр. | ВИД НА ПРЕДМЕТОТ - (барањето) Одделение за спроведување на урбанистички планови | Примени предмети во 2010 | НереШени предмети од претходен период | Вкупно од графите 3 и 4 | РеШени предмети во 2010 година | Останале предмети зареШавање | Жалби до второстепена Комисија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. |
| 1 | ИЗВОДИ ОД ДУП | 1580 | / | 1580 | 1580 | / | / |
| 2 | ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | 108 | 8 | 116 | 109 | 7 | / |
| 3 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 80 | 17 | 97 | 85 | 12 | / |
| 4 | ОДОБРЕНИЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА | / | 1 | 1 | 1 | / | / |
| 5 | ОДОБРЕНИЕ ЗА АДАПТАЦИЈА - ПРЕНАМЕНА | 4 | 4 | 8 | 6 | 2 | / |
| 6 | РЕшЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ | 51 | 5 | 56 | 56 | / | / |
| 7 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ОГРАДА | 3 | 1 | 4 | 4 | / | / |
| 8 | ПРАВОСИЛНОСТ | 64 | / | 64 | 64 | / | / |
| 9 | ИЗГОТВУВАЊЕ МИСЛЕЊА, ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ДО ДРУГИ ОРГАНИ | 61 | / | 61 | 61 | / | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ НА ОБЈЕКТИ | 2 | / | 2 | 2 | 2 | / |
| 11 | ЗАПИСНИЦИ ОД НАДЗОРНИ ОРГАНИ | | | | | | |
| 12 | ИЗГОТВУВАЊЕ ПРОТОКОЛИ | 52 | 1 | 53 | 52 | 1 | / |
| 14 | ИЗГОТВУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА | 24 | / | 24 | 24 | / | / |
| 15. | ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, УСТАНОВУВАЊЕ ПРАВО НА СЛУЖБЕНОСТ ОДЗЕМАЊЕ КОРИСНИЧКО ПРАВО (СПОГОДБИ , РЕшЕНИЈА ) | | | | | | |
| | **ВКУПНО ОД ТАБЕЛА:** | **2037** | **37** | **2074** | **2052** | **22** | |

1. Надоместок за уредување на градежно земјиШте по основ на издадени одобренија за градба во урбаниот дел на територијата на ОпШтина ѓорче Петров во 2010 година **примени се 41.587.045,00 ден.**

2. Наплата на комунална такса по основ на издадени одобренија за градба во руралниот дел на територијата на ОпШтина ѓорче Петров во 2010 година **наплатени се 6.120.473,00 ден.**

3. Надоместок за финансирање на изработка на просторниот план на Републиката и урбанистичките планови Согласно член 55 од Законот за просторно и урбанистичко планирање наплатени во 2010 година **вкупно 314.473,00ден.**

Раководител на
Секторот за урбанизам, комунални дејности
и заштита на животната средина
______________________________
Димитар Руменов д.г.и.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за формирање на работно тело за изготвување на Правилник за награди на учениците во основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за формирање на работно тело за изготвување на Правилник за награди на учениците во основните училишта во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и шестата Седница на Советот, одржана на ден 11.03.2011 година.

**Број 08-646/12**
**од 11.03.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 36-тата седница одржана на ден 11.03. 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За формирање на Работно тело за изготвување на Правилник за награди на учениците во основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се формира работно тело за изготвување на Правилник за награди на учениците во основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Работнто тело за награди на учениците во основните училишта во Општина Ѓорче Петров има за цел да подготви Правилник за наградување на истакнати ученици и наставници и критеиуми за избор на првенец на генерација во основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Работното тело брои 7 членови, по еден претставник од секое основно училиште во општината и еден претставник од локалната самоуправа.

**Член 4**

Членови на Работнто тело за награди на учениците во основните училишта во Општина Ѓорче Петров се :

1. Тања Барјактарова-Координатор на Работното тело,
2. Гордана Несторовска, наставник по биологија од ОУ О.У. Ѓорче Петров,
3. Весна Малинова, наставник по етика во О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски,
4. Розалинка Симоновска, психолог во О.У. Мирче Ацев,
5. Розета Дулевска, наставник по македонски јазик во О.У. Страшо Пинџур,
6. Зоран Чубриновски наставник по математика во О.У. Тихомир Милошевски,
7. Гордана Несторовска, психолог во О.У. Јоаким Крчоски.

**Член 5**

Одлуката влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-477/14**
**Од 11.03.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**